КОНКУРС ЗА АРХИТЕКТОНСКИ И УРБАНИСТИЧКИ
ДИЗАЈН
**„Скопје на новата генерација“**

Со возбуда го објавуваме ексклузивниот конкурс за млади архитекти и урбани планери кои ќе ја замислат и променат урбаната средина во Скопје. Оваа заедничка иницијатива се обидува да ги реши проблемите со напуштените и отуѓени јавни површини кои можат да се обноват за новата генерација. Ги покануваме иновативните млади професионалци и креативни умови на возраст до 35 години да учествуваат во овој пионерски потфат и да придонесат за повторно замислување на урбаното ткиво на Скопје.

## 1. Основни информации

Скопје, главниот град на Република Северна Македонија, има богато, вековно историско и културно наследство. Сепак, политичките, економските и административните пресврти, природните катастрофи и земјотресот во 1963 година оставиле свој белег врз урбаниот и архитектонски раст на градот. Овие случувања довеле до создавање на нови јавни јадра, додека старите се игнорирани и напуштени. За жал, оваа ситуација доведе до изолација на некои важни јавни места и архитектонски локации. Овој конкурс има цел повторно да ги претстави и ревитализира овие места**, преку перспективите на новата генерација.**

## 2. Цел:

Главната цел на конкурсот е да инспирира иновативни идеи за архитектонски и урбан дизајн што ќе ја вратат човечката страна на Скопје и чувството на заедница во јавните простори: урбани јадра и улици што се суштински дел од колективната меморија. Учесниците треба да се фокусираат на повторно осмислување и/или преуредување на овие скопски богатства, под услов тие да се вклопат во амбиентот и околината, со цел да се создаде одржлива и инклузивна урбано/архитектонски генеративна средина. Интервенциите треба да се соодветни на локацијата на начин што не го деградира сегашниот квалитет на живот или комуникација, туку, едноставно, додава вредност на околината.

## 3. Избрани локации:

1. Луна-парк
2. Фонтана „Лотосов лист“ во Градскиот парк
3. Езерце
4. Плоштад „Коцка“
5. Трговски центар „Бутел“
6. Улица „Илинденска“ (од зградата на Владата до фонтаната во Градскиот парк)
7. Улица „Илинденска“ (крајот на улицата во Карпош 4)
8. Улица „Пластичарска“
9. Кеј „Димитар Влахов“ на реката Вардар (од зградата на МАНУ до бензинската пумпа на „Макпетрол“)

10. Кеј „Паркот на франкофонијата“
11. Кеј Влае
12. Паркингот околу театарот „Комедија“

Учесниците слободно можат да изберат одредено место од листата.

## 4. Задолжителна содржина

- Опис на архитектонскиот/урбанистичкиот концепт и на идејата (најмногу 3000 карактери во ворд-документ)
- Ситуација (размер – 1:2000 или 1 : 1000 или 1 : 500)
- Дијаграми (анализи)
- Основи (размер – 1 : 250 или 1 : 200)
- Пресеци (размер – 1 : 250 или 1 : 200)
- Изгледи (размер – 1 : 250 или 1 : 200)

  Незадолжително:
    - 3Д-прикази (на пример, рендери, слики на модели, скици со рака)

  *** Забелешка:** Секој графички цртеж треба да содржи графички размер одоздола.

  *** Забелешка:** Горенаведените размери се предлози. Размерите треба да се приспособат на локацијата.

## 5. Правила и насоки за учество:

- Учеството на конкурсот е бесплатно и тој е отворен само за локални учесници.
- Професионалците и студентите помлади од 35 години можат да учествуваат само со еден проект.
- Учесниците можат да ги поднесат своите предлози како поединци или во тимови (до четири лица), составени од архитекти, урбани планери, просторни планери и лица со слични професии.
- Конкурсот ќе се смета за успешен ако има најмалку 5 пријави. Ако не пристигнат најмалку пет пријави, организаторот има право да го продолжи крајниот рок или да го откаже конкурсот и да не избере победници.
- Доколку дојде до реализација на победничките проекти, авторите се должни да ги отстапат авторските права на спроведувачот на проектот што ќе биде должен да продолжи да работи со авторите.
- Само Europe House како главен организатор на овој конкурс ќе знае кој е вистинскиот идентитет на авторите и кој е нивниот код за идентификација, без да може да ги споделува овие информации со жирито.
- Прашањата за правилата на конкурсот можат да се испратат на **competition@euhouse.mk** најдоцна до 18 септември. Сите одговори ќе бидат објавени на 25 септември.
  - Предлозите треба да се доставуваат по електронски пат преку формуларот достапен на следниот линк.

## 6. Услови за учество:

**Заинтересираните учесници треба да достават:**

- Една (1) презентациска табла во Б2-формат со портрет ориентација (најмногу 150 МВ по ПДФ).
- Еден (1) ворд-документ што ќе го содржи целиот потребен текст.
- И двете датотеки треба да се додадат во ЗИП-папка прикачена на формуларот за поднесување.
- Примери за изгледот ќе бидат објавени на интернет-страницата најдоцна до 11 септември.
- Сите поднесоци мораат да бидат поднесени во дадените шаблони.

**Како да учествувате:**

Поединците или тимовите од најмногу четири лица, заинтересирани за учество, треба да ја посетат официјалната интернет-страница на конкурсот каде што можат да ги добијат потребните материјали. Вашиот конечен проект можете да го поднесете со кликање на копчето за поднесување, по 11 септември. Заради анонимност, НЕ внесувајте лични податоци во ПДФ постерот што ќе го поднесете. Користете го само вашиот идентификациски код што ќе го креирате додека го поднесувате проектот. Предлозите се поднесуваат само дигитално, не е потребно печатење.

## 7. Програма за конкурсот/Критериуми за оценување на предлозите

– **Иновативност**
Концептот треба да го зајакне уникатниот идентитет на избраното градско подрачје. Највисоко ќе бидат оценети иновациите во однос на програмата, формата, материјалноста, просторната организација, деталите итн.
– **Социјално влијание и инклузија**
Решенијата треба да се стремат да ги зајакнат социјалните врски, да поттикнат посилни заедници и да придонесат за создавање на подобар свет преку внимателен дизајн. Предлогот за урбан дизајн треба да вклучува активности и содржини за сите граѓани, без оглед на нивната возраст, физичка состојба или интереси. Јавниот простор треба да биде достапен за сите.
– **Контекстуална чувствителност**
Учесниците мораат да ги земат предвид историските, културните и социјалните аспекти на Скопје додека ги предлагаат своите дизајнерски решенија. Во однос на просторноста и дизајнот, предлозите треба да го артикулираат контекстот на локацијата, како и неговото природно и културно наследство.
– **Обележја**
Дизајнот мора да предизвика позитивно функционално и визуелно влијание врз посетителот, како и врз околниот контекст.
– **Одржливост и обновување**

Аспектите на одржливост, зелена и реставративна архитектура, биофилен дизајн, инклузивност и пристапност треба да бидат составни компоненти на предложените дизајни. Учесниците се охрабруваат, секаде каде што е можно, да размислат за користење на иновативни и одржливи материјали, градежни техники и паметни решенија.

– **Графичка презентација**

Јасното презентирање на концептот е еден од важните критериуми согласно кој ќе се оценуваат предложените дизајни.

## 8. Датуми поврзани со конкурсот

- Објава за најава за конкурсот: **26 јули 2023**
- Објава на конкурсот: **4 септември 2023 година**
- Краен рок за поставување прашања: **18 септември**
- Објавување на прашањата и на одговорите: **25 септември**
- Краен рок за поднесување: **22 октомври 2023** – 23:59 ч.
- Објава на оценката на жирито (интерно): **6 ноември 2023**

## 9. Награди

- Главна награда: 1.500 евра
- Награда за второ место: 800 евра
- Награда за трето место: 500 евра

## 10. Жири

Жирито ќе остане анонимно до церемонијата кога ќе се објави победникот, со цел транспарентност и заштита од влијание.

Членови на жирито се професори од: Меѓународниот балкански универзитет, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, УАКС | Универзитетот Американ колеџ Скопје, МИТ Универзитетот и АУЕ ФОН Универзитетот.